**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување единствена контрола од страна на САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., Словенија над ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о. , Словенија**

**(предмет бр. 08-108 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 03.07.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое САЛУС, Трговија на големо, д.о.о., со регистрирано седиште на Литостројска улица 46А, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне единствена конрола над ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о. со регистрирано седиште на Улица Минарикова бр. 6, Марибор, Словенија, преку купување на 100% од акциите.

**-САЛУС, Трговија на големо, д.о.о.** е друштво со седиште во Љубљана и претставува претпријатие-ќерка во целосна сопственост на САЛУС, Љубљана, д.д. (*SALUS, Ljubljana, d.d.*) кое е матично друштво на групацијата на друштва Салус. Групацијата Салус го генерира најголемиот дел од своите приходи преку своите претпријатија-ќерки Салус и Санолејбор д.д. (*Sanolabor d.d.*) чии главни дејности се трговија на големо (Салус и Санолејбор) и трговија на мало (Санолејбор) со лекови, фармацевтски производи, медицински помагала, медицинска опрема и материјали. Друштвата во рамки на Групацијата Салус нудат и услуги за складирање, регулаторни, фармаковигилантни услуги, фармацевтски маркетинг и промоција, фармакоекономија.

Во Северна Македонија, Групацијата Салус е активна преку своето поврзано друштво:

**-Друштво за трговија, застапништво и маркетинг ЦАРСО ПХАРМ ДООЕЛ Илинден** ("Царсо СМАК"), и адреса 34 бр. 5А, Илинден, Република Северна Македонија.

Царсо СМАК е активно во застапување и маркетинг на трговски марки на водечки производители на фармацевтски производи, односно приоритетна дејност– Сите останати стручни, научни и технички дејности, н.д.м и други дејности– Трговија на големо со фармацефтски производи (дејност во внатрешниот промет).

**ФАРМАДЕНТ трговија, производство и услуги д.о.о. , Словенија** е друштво со ограничена одговорност со седиште на Минарикова улица 6, 2000 Марибор. Друштвото е активно во трговијата на големо, првенствено тргување со лекови за луѓе, но и со продажба на други производи за здравствена заштита и благосостојба, како што се оние наведени погоре за Салус (со исклучок на медицинска опрема). Фармадент има едно поврзано друштво во целосна сопственост, ГоФарм д.о.о. (*GoPharm d.o.o.*) ("**ГоФарм**"), со седиште на Цеста 25. Јунија 1Д, 5000 Нова Горица, кое е веледрогерија во гореспоменатите области.

Фармадент и ГоФарм не се активни во Северна Македонија. Тие немаат никаков имот и не оствариле никаков промет во Северна Македонија во 2024 година.

Релевантни пазари и очекувани ефекти од предложената трансакција

Предложената трансакција потенцијално се однесува (i) на големопродажниот пазар на лекови за хумана медицина, (ii) на големопродажниот пазар на ветеринарна медицина, (iii) на големопродажниот пазар на медицински помагала и (iv) на пазарот на големо на други

производи (додатоци во исхраната, козметички производи, храна итн.). Предложената трансакција нема да има никакви ефекти на пазарите во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

07.07.2025 година

Скопје